Евгениј Замјатин

# ЦЕНЕМ

The publication was effected under the auspices of the
Mikhail Prokhorov Foundation TRANSCRIPT
Programme to Support Translations of Russian Literature

БИБЛИОТЕКА – *ARS MAGNA*

Главен уредник
*Филип Димевски*

Наслов на оригиналот
*Евгений Иванович Замятин, НА КУЛИЧКАХ*

Превод од руски јазик
*Мирјана Наумовски (Мими Наум)*

Јазична редакција
*Андреј Јованчевски*

Компјутерска обработка
*БЕГЕМОТ*

Ликовно уредување
*Бојан Димитријевиќ*

---

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ
Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

*Евгениј Замјатин*

# ЦЕНЕМ

Скопје, 2016

# 1. БОЖЈАТА ПРОЅЕВКА

Секој човек има нешто што веднаш го сумира, по што ќе го препознаеш меѓу илјадници луѓе. Кај Андреј Иванич тоа беше челото: широко и распослано како степа. Под челото имаше чпртав нос, руси мустаци и пешадиски еполети. Кога Бог го создавал, ги раширил рацете и му го створил челото, а потоа зевнал, некако му здодеало, па фатил некако, згора-здола, завршил и си рекол: ќе помине. И си заживеа така Андреј Иванич со Божјата проѕевка.

Минатото лето Андреј Иванич намисли да се запише на академија. Верувате ли дека потроши седумдесет рубли само за книги!? Целото лето го преседе над книгите, а во август се случи да појде на концерт на Хофман. Господе Боже, колку моќно! Каква смисла можеше да има академијата по ова: јасно беше – Андреј Иванич треба да стане Хофман. Не

залудно сите во полкот велеа: Андреј Иванич го свири Шопеновиот посмртен марш толку добро, што човек не може да не заплаче слушајќи.

Ги пикна под кревет сите академски книги, си најде учителка и заседна зад пијаното: напролет ќе се запише на конзерваториум.

Но учителката беше русокоса и мирисаше на некој посебен парфем. И така, целата зима тој и учителката воопшто не се занимаваа со музика. И отиде јабана конзерваториумот.

И што сега, зар ќе скисне во некаков си Тамбов како помлад офицер? Е па, нема да може! Некој друг можеби би се согласил, но Андреј Иванич не се предаваше. Најважно беше да се почне сè од почеток, сè старо да се испрати по ѓаволите и да се фати патот за некаде усвет. А потоа – да се најде вистинска љубов, да се напише некаква книга и да се освои сиот свет...

Ете така, Андреј Иванич се најде на служба усвет, џенем. И сега лежи на креветот и пцуе. А што да прави: веќе трет ден како е пристигнат и трет ден не се дише од магла. И тоа беше некоја чудна магла – замајуваше. Густа, рунтава, како пијана дремка, замаеност во главата – му се причинуваше некаков пустош и не можеше да заспие од страв дека ќе го проголта тој пустош.

Посака да чуе барем некаков човечки глас, да се оттргне од привиденијата. Андреј Иванич му довикна на ордонансот.

„Еј, Непротошнов, ела малку!“

Ордонансот долета како ветер и се вкопа пред вратата.

„Досадно ли ви е со маглава, Непротошнов?“

„Н-не би знаел, ваше-сочество.“

(„Господе Боже, какви рибини очи има. Можеби можам некако да го...“) „Значи, Непротошнов, уште една година и се враќаш дома, а?“

„Токму тага, ваше-сочество.“

„Имаш жена?“

„Имам, ваше-сочество.“

„Тогаш, мора дека ти недостасува? Велам, ти недостасува, а?“

Некаква сенка затрепери во очите на Непротошнов.

„С-оглед на тоа дека ми е соперник во живот, жената ми... јас...“, и замолче, се присети на нешто и се исправи уште повеќе.

„Што, не ја сакаш повеќе, што е работата? Па?“

„Н-не би знаел, ваше-сочество.“

(„По ѓаволите... Веројатно бил прва хармоника во селото, а сега му останале рибините очи. Не, ќе мора да се ослободам од него.“)

„Добро, оди си, Непротошнов.“

Андреј Иванич ја спушти главата на перницата. Низ прозорецотползеше рунтавата магла, како памук. Не се дишеше.

Сиот исцрпен, Андреј Иванич се издиша со ’рчење и, слушајќи си го сопственото

’рчење, заспа. („Што е со мене – спијам сред бел ден...“)

Но маглата го обвитка како пајажина и веќе не можеше да мрдне ниту со рака ниту со нога.

## 2. РАФАЕЛ ОД КОМПИР

„Неговата екселенција, господинот командант, не е дома.“

„Провери убаво, братче. Кажи дека дошол поручникот Половец. Половец, Андреј Иванич.“

„Полове-ец?“

Лицето на генералскиот ордонанс не личеше на лице, туку на исполиран бакарен самовар – толку беше заоблено и блескаво. И самоварот што отпрвин беше тивок, одеднаш почна да клокоти, да врие.

„Полове-ец? Ах, господи, заборавив, дома е. Се разбира, Половец, дома е, повелете. Само малку е зафатен.“

Ордонансот ја отвори вратата од претсобјето од левата страна. Андреј Иванич се наведна и влезе. („Ама да не... можеби сум го згрешил местото?“)

Неред, чад, метеж, некаков цврткот, мирис на пржен кромид...

„Кој е-е? Поблизу, поблизу, не слу-у-шам!“

Андреј Иванич се доближи:

„Чест ми е да се пријавам на должност, ваша екселенцијо...“

По ѓаволите, зар ова е тој, генералот? Кујнска престилка и мев на трудница, потпрен на куси ножиња. Главата му беше гола, жабјолика, со испакнати очи. И целиот беше некако широк, расчекорен, надуен како жаба, а можеби дури и мевот под престилката му беше шарен, со бело-зелени дамки.

„Да се пријавите на должност? Хм, убава работа, убава работа... имам малку офицери, а пијаници колку сакаш“, рече генералот.

И повторно се зафати со својата работа: на неверојатно тенки резанки сечкаше еден ронлив бел компир. Го исечка, ги избриша рацете од престилката, странично се помести кон Андреј Иванич, застана, разгледа наоколу и се развика налутено со длабок глас кој извираше некаде оддолу, како од некој воден вител:

„Па што мака те донесе овде? Си го изначитал Мајн Рид, а? Будалче, си можел да останеш во Русија, во скутот на мајка си, би ти било многу поубаво. И зошто? За потоа јас овде да се расправам со вас!...“

Андреј Иванич се збуни од тоа што генералот веднаш му се нафрли.

„Јас, ваша екселенцијо... Јас во Тамбов... А овде, си велам, има море... Има Кинези...“

„Ов-де! Доаѓаат овде и си мислат дека овде има...“

Но генералот не ја доврши мислата. Нешто на шпоретот почна страшно да шишти, се крена піареа и замириса на запалено. Дури да трепнеш генералот срипа кон местото и некого го опсипа, та дури и земи го закопа со груби пцости.

Дури тогаш, Андреј Иванич го здогледа готвачот – Кинез во сина наметка: стоеше пред генералот како некакво исплашено животинче застанато на задните шепи.

„Еве ти една“, и на готвачот му шлапна една гласна шлаканица.

А тој, пак, ништо не рече, само си ги протри косите очи со малите тупаници, чудно и брзо како зајак.

Генералот тешко се издиша, под престилката му се заниша мевот.

„Уф-ф! Ме изнамачија. Не умеат, ништо не разбираат. Сврти се малку и веднаш прават бучкуруш... А јас најмногу не сакам кога ручекот е таков никаков, направен надве-натри, без никаков осет. Златен, храната е дар Божји... Како беше она што нè учеа: не јадеме за да живееме, туку живееме за да... Или како беше?“

Андреј Иванич гледаше молчаливо со ококорени очи. Генералот зеде една салфета и со многу љубов и внимание ги пребришуваше тенките резанки компир.

„Еве, на пример, компиров. Зел, го фрлил во тавчето и го испржил како што стигнал? Види... А секој кому му е даден талент од

Бога знае дека не смее во масло во ни-кој случај... Зарем во масло? Бог да чува и да брани! Во фритеза – задолжително, безусловно, запамети, запиши, братче – во фритеза, еднаш и засекогаш.“

Генералот го зеде лимонот, го исцеди сокот врз резанките компир, а Андреј Иванич собра храброст и праша:

„Но, ваша екселенцијо, зошто лимон?“

Ваквото незнаење очигледно го дотепа генералот. Потскокна и повторно се развика со глас што извираше од длабочините, како од воден вител:

„Ка-ко зошто? Па без лимон на ништо нема да личи, ќе биде скверснавење. Но попрскувај го, исцеди го и испржи го во фритеза... Компир *à la lyonnaise* – сте чуле? Ама од кај ќе чуете! Богатство, бисер, Рафаел! А од што е направен? Од обичен компир и остатоци од храна. Ете, златен, што е уметност, што е творештво...“

(„Компир, Рафаел, каква глупост е ова! Се шегува ли?“) Андреј Иванич го погледна.

Не, не се шегуваше. Дури и се гледаше како под пепелта на лицето трепери и згаснува човечкото, далечното.

(„Нека е од компир, макар и Рафаел од компир.“)

Андреј Иванич му се поклони на генералот, а тој, пак, извика:

„Ларка, одведи го кај генералицата. Догледање, будалче, догледање...“

Во шумите човек наидува на чистинки – места каде што останале по три непотребни дрвја, кои целото пространство го прават уште полошо, уште попразно. Токму вака изгледаше и генераловиот салон: по некоја столица и на ѕидот, како дамка, една слика со полкот на генералот. И некако неумесно и сосема неповрзано со останатото – среде салонот на мало виенско креветче беше потпрена генералицата.

Со неа седеше капетанот Нечеса. Андреј Иванич веќе го познаваше: уште вчера ја имаше запомнето неговата запуштена брада полна со трошки. Ѝ се поклони на генералицата и ѝ ја бакна подадената рака.

Генералицата ја премести назад чашката со нешто црвено од левата во десната дланка и монотоно му рече на поручникот, гледајќи некаде настрана:

„Седнете, долго ве немам видено.“

(„... Како тоа долго ме нема видено?“)

И Андреј Иванич веднаш се збуни, му излета од глава целиот подготвен говор.

Капетанот Нечеса, завршувајќи некаква мисла, залаја со рапав глас:

„Па, дозволете ми да ве замолам да ни бидете кума, земете ја предвид...“

Генералицата отпи од чашката, а погледот ѝ беше залутан и не слушаше. Сосема неповрзано почна да зборува за нешто што ѝ беше на ум:

„На поручникот Молочко му излегле брадавици на рацете. Камо да му беа само по

рацете, туку ги има по целото тело... Ужасно непријатно нешто се брадавиците.“

Само што рече „брадавици“, зад грбот на Андреј Иванич нешто се шмугна, профучи. Тој се заврте и позади, низ отворот на вратата, здогледа нечие око и еден пегав нос.

Капетанот Нечеса додворувачки повтори:

„... Земете ја предвид можноста да ни бидете кума!“

Овој пат изгледа го чу генералицата и се засмеа студено, растреперено – и продолжи да се смее и да се смее, никако не запираше. Едвај зборувајќи, му се обрати на Андреј Иванич:

„Деветти пат! Деветти пат се пораѓа капетаницата Нечеса. Сакате и вие со мене да бидете кум?“

Капетанот Нечеса почна да си ја собира брадата:

„Драга моја, простете, живи Бога. Веќе има кум – мојот потстанар, поручникот Тихмењ, одамна му е ветено...“

Но генералицата повторно престана да слуша, повторно гледаше некаде настрана и си потпивнуваше од чашката.

Андреј Иванич и капетанот Нечеса си заминаа заедно. Влажната земја шлапкаше под нозете, маглата се распостелуваше над покривите како качулка и оттаму капеше врз шапките, врз еполетите, зад вратот.

„Зошто е некако таква... чудна?“ праша Андреј Иванич.

„Генералицата ли? Ах, Боже, колку добра жена беше. Јас сум тука дваесет години, ги познавам сите како прстите на дланката... Па, се случи една работа – има оттогаш веќе седум години, одамна! Ѝ се роди бебе – прво и последно. Се роди и умре. Тогаш се замисли и таква замислена си остана. А кога одвреме-навреме ќе си дојде на себе, ќе тресне нешто... Еве, чувте за Молочко, за некакви си брадавици – ни да се смееш, ни да плачеш!“

„Ништо не разбирам.“

„Ќе поживеете овде – ќе разберете.“

## 3. КРШТЕВКАТА НА ПЕТЈАШКА

Значи, така. Капетаницата Нечеса го роди деветтото дете. Дојде ред за крштевката – ко божем во тоа да има нешто посебно? А господата офицери само за тоа зборуваат. Од досада ли, од немукает, од што немаат што да прават? Ама што да прават: решиле да постават усвет некаква си стража, која никому не му е потребна, наредиле топови, ги спотерале луѓево џенем и им наредиле да седат. И еве ги – седат. И како што ноќе, во бессоната празнина, секој глувчешки шум, секое паднато гранче расте, одекнува, го исполнува секое ќоше – така и овде: секоја ситница ста-

нуваше значајна, неверојатното стануваше веројатно.

Еве, на пример, нештата околу раѓањето на деветтото бебе на капетаницата Нечеса не беа толку едноставни: чие е, оди па разбери? Капетаницата се пораѓа секоја година. Едно беше плукнато на Иваненко, друго личеше на аѓутантот како јајце на јајце, третото беше копија на поручникот Молочко – истиот розов, телешки сурат... А чие ли е деветтово?

И што е најинтересно, токму тој, Молочко, се фати за таа работа. А беше и јасно зошто. Минатата година него го насамарија да биде кум на новороденчето на капетаницата, му честитаа и побараа и гозба да направи. Сега посака и тој некого да намести.

„Чекајте, господа“, подрипна Молочко како јаре, како весело теленце поено со млеко од дланка, „господа, па Тихмењ им е потстанар... Зарем досега капетаницата не го средила? Нема шанси! И штом е така, тогаш...“

„Бр-раво, ете и Молочко можел досетлив да биде, браво!“

И така го избраа Тихмењ. Можеби тој нема вина, ни со тело, ни со дух, но многу е пријатно со него човек да се пошегува зашто постојано беше сериозен, имаше долг нос и ги читаше, ѓавол ќе го знае, Шопенхауер или некој си Кант.

И за да го стават Тихмењ во тесно, за да не побегне, на само половина час пред крштевката го испратија Молочко да ја предупреди

капетаницата за нападот на туѓинците. Овде тоа се нарекуваше: „самопоканување“.

Капетаницата лежеше в кревет, ситна и тркалезна: тркалезно муце, тркалезни раздвижени очи, тркалезни локни на челото, сите нејзини атрибути беа тркалезни. Од нејзината спална тукуштo излезе капетанот, откако ја бакна сопругата во образот. И уште не беше стивнато, одѕвонуваше едно мало стаклено шишенце што се заниша од капетановите чекори, кога влезе поручникот Молочко, кој, откако ја поздрави, ја бакна капетаницата на истото место во образот каде што ја бакна и капетанот.

Капетаницата воопшто не сакаше вакви совпаѓања – имаше нешто непристојно околу тоа. Луто ги превртуваше тркалезните очи:

„Што си се затрчал да ме бакнуваш? Не гледаш дека сум болна?“

„Ех, добро де, добро, каква ситничарка си станала!“

И си седна покрај креветот. („Како ли да ја смотам Катјуша без да ѝ кажам веднаш за крштевката?“

„Знаеш“, подрипна Молочко, „бев кај Шмитови. Замисли си, уште се бакнуваат! Веќе трета година се во брак и уште си се бакнуваат... Не разбирам!...“

На капетаницата Нечеса одеднаш ѝ стана подобро, подзарумене, очите ѝ се раширија.

„Аман веќе со таа Марусја Шмитова, принцезата на зрно грашок, туф-туф... Не

сака да се дружи со никого. Ќе видиш, господ ќе ја казни за таа гордост...“

Ја изнаозборуваа Марусја, ја превртеа до коска – и не остана ништо друго за муабетење. Немаше што да се прави, па Молочко мораше да почне. Се накашла.

„Види вака, Катјуша... Да... Со еден збор, се подготвуваме за крштевката, сакаме да се самопоканиме. Кум ќе биде Тихмењ. Мене ми текна, ти се верува ли?“

Молочко воопшто не очекуваше Катјуша веднаш да се согласи. Таа некако тркалезно се засмеа, се распрета со ножињата под ќебето и се фати за стомакот од болка...

„Па ти си вистинско текнувало. Тихмењ за кум, а? Нашиот долгонос Тихмењ! Така и му треба, се закопал во книгите...“

И бидна крштевката. Генералицата се смешкаше, гледаше некаде високо, беше отсутна со погледот. Гарнизонскиот поп со поспан глас читаше од требникот. Мантијата на грбот му беше полна со пердуви.

Кумот, поручникот Тихмењ, не го оттргнуваше погледот од нив. Висок, сув, целиот некако кревок, стоеше со детето во рацете и зачудено стрчеше со својот долг нос. („Што бељa си сторив... Што ќе правам ако ми се расплаче »ова« во рацете?“)

А „ова во рацете“ излезе уште полошо. Целиот во ужас, поручникот Тихмењ почувствува дека рацете одеднаш му се навлажнија и од топлото „врзопче“ почна да капе на по-

дот. Во тој миг, Тихмењ заборави на секаков ред, го тутна како што му дојде кумашинчето во рацете на генералицата и почна да се повлекува station наназад. Господ знае каде ќе избегаше да не го вратеше назад на место дружината што стоеше одзади, на чело со Молочко.

Дојде и моментот за капење на новороденчето. Поспаниот поп се заврте кон генералицата за да го земе бебето. А таа не му го дава. Го стиснала до себе, не го пушта и вика:

„Не го давам, не го давам и не го давам, мое е!“

Попот се исплаши и се повлече кон вратата. Што е ова, луѓе мои? Сите се збунија, се рашепотија. Да не беше Молочко, можеби и немаше да го докрстат детето. Молочко ѝ се приближи на генералицата, ја фати за раката и како некој близок ѝ шепна:

„Пуштете го, што ќе ви е ова, ќе си имате вие свое. Ви велам... Зарем не ми веруваш? Мене ли не ми веруваш?“

Генералицата блажено се насмеа и го пушти. Фала му на Бога! Едвај го докрстија и му го дадоа името Петјашка.

Тогаш господата офицери му пријдоа на поручникот Тихмењ. Набрзина, како по команда, сите направија низок поклон:

„Чест ни е да ви честитаме, татичко, за новороденчето, за Петјашка, па ајде да почестите...“

Тихмењ се размавта со рацете како ветерница.

„Како тоа – татичко? Не зборувајте така! Не можам да го истрпам ова...“

„Децата се, златен, Божја волја. Нема тука – можеш да трпиш или не можеш...“

Го истормозија до солзи. Немаше што да се прави – вечерта Тихмењ честеше. И оттогаш секој ден на вежбите го распрашуваа за здравјето на синчето – Петјашка. Му ја потекоа главата, го збудалеа со тој Петјашка.

## 4. СИНИЛО

Многу ли му треба на човека? Излезе сонцето, ја снема проклетата магла – и наеднаш целиот свет му стана мил на Андреј Иванич. Четата стоеше и чекаше команда, но тој се беше задлабочил: и најмало придвижување му се чинеше страшно – да не се срушат кристалните сини дворци, да не замолчи ѕвонливото сонце како златна пајажина.

Океанот... Прво беше Тамбов, а сега Тихиот Океан. Долу, во висина на нозете, испаруваше со сонлива и сина пареа, предеше дремлива маѓосничка песна. И златните столбови на сонцето, кои лежеа мирно во тоа синило, одвреме-навреме нараснуваа, се издигнуваа, ги потпираа несносливо сините ѕидови. Покрај очите, пак, во синилото, во длабочината, нежно лебдеше богородичната